**Известување за концентрација со која Даимлер Трак АГ, Германија, Електрифајд Пауер Холдко ЛЛЦ и ПАККАР Инц, Соединетите Американски Држави ќе стекнат заедничка контрола над претпријатие кое ќе биде основано во Соединетите Американски Држави и ќе биде активно во производството на литиум-јонски, батериски ќелии за примарна употреба во специфични класи на комерцијални возила и апликации за стационарно складирање енергија**

**(предмет бр. 08-166 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 17.11.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на Даимлер Трак АГ со регистрирано седиште на Фазаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, Електрифајд Пауер Холдко ЛЛЦ со регистрирано седиште на 500 Џексон Стрит, Колумбус, Индијана, 47201, Соединетите Американски Држави и ПАККАР Инц со регистрирано седиште на 777 106т Авењу Н.Е. Белвју, Вашингтон, 98004, Соединетите Американски Држави над претпријатие кое ќе биде основано во Соединетите Американски Држави и ќе биде активно во производството на литиум-јонски, батериски ќелии за примарна употреба во специфични класи на комерцијални возила и апликации за стационарно складирање енергија .

-**Даимлер Трак АГ** е друштво кое котира на берза, со седиште на Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, е еден од најголемите светски производители на комерцијални возила, кој нуди лесни, средни и тешки камиони, градски и меѓуградски автобуси, и транспортни автобуси, како и избрани финансиски услуги.

Даимлер Трак нема регистрирано зависно друштво во Северна Македонија, но остварува приходи на македонскиот пазар преку продавање на возила преку независни дистрибутери.

-**Електрифајд Пауер Холдко ЛЛЦ** е директниот стекнувач во предложената трансакција и зависно друштво во целосна сопственост на Каминс.

-**Каминс** е владејачко друштво на Електрифајд Пауер и друштво кое котира на берза, со седиште во Колумбус, Индијана, Соединетите Американски Држави, кое проектира, произведува, дистрибуира и опслужува портфолио на решенија за напојување, вклучувајќи дизел, природен гас, електрични и хибридни погонски агрегати и компоненти за погон, вклучително и филтрација, последователен третман, турбополначи, системи за гориво, контролни системи, системи за управување со воздух, автоматизирани преноси, оски, погонски линии, сопирачки, системи за суспензија, електрични системи за производство на енергија, батерии, електрифицирани електроенергетски системи, производство на водород и производи со горивни ќелии.

Каминс нема регистрирано зависно друштво во Северна Македонија, но ги остварува безмалку целокупните приходи на македонскиот пазар преку зависно друштво во индиректна целосна сопственост, Каминс Белгија НВ, Белгија, кое снабдува мотори за автомобили за лесни комерцијални возила (на пр. автобуси) кои се произведуваат во Северна Македонија.

-**ПАККАР Инц** , со седиште во Белвју, Вашингтон, Соединетите Американски Држави, е активен во проектирањето, производството и кориснички поддршка на

високо квалитетни лесни, средни и тешки товарни камиони под ознаките Kenworth, Peterbilt и DAF. ПАККАР проектира и произведува напредни погони, обезбедува финансиски услуги и информатичка технологија, и дистрибуира делови за камиони поврзани со неговиот основно деловно работење.

ПАККАР нема регистрирано зависно друштво во Северна Македонија, но остварува приходи на македонскиот пазар преку продажба на камиони и делови преку дистрибутер.

Во моментот на поднесување на ова Известување, **Целното друштво** сè уште не е основано. Сепак, Целното друштво е наменето да произведува Ли-јон батериски ќелии за примарна употреба во одредени класи на комерцијални возила и индустриски примени. Целното друштво ќе развие и произведува на литиум-феро-фосфатска („**ЛФФ**“) батерија од технолошката фамилија за комерцијани камиони на електрична батерија.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како ***пазар за снабдување на ќелии и модули (не вклучувајќи батериски системи) за Ли-јон батерии***.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

01.12.2023 година

Скопје